СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО
НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

Тематска анализа/дијагностика:

# Култура и културно наследство

## Извршно резиме

Во процесот на подготвување на Стратегијата за национален развој, тематската област: Култура и културно наследство е од непроценливо значење за општествениот развој бидејќи е непобитен фактот дека секое општество има своја посебна култура или социокултурен систем. Културата е најстарата човечка одлика, таа го обезбедува опстанокот на цивилизацијата и затоа културното наследство кое се создавало низ различните периоди на човековото егзистирање во просторните културни пејсажи го претставуваат разни добра кои се наследени од претходните генерации, или пак, кои настануваат во сегашноста, а притоа имаат специфична вредност за луѓето и поради тоа треба да бидат сочувани за идните генерации.

Документот ќе биде насочен кон анализа на фактичката сосотојба на културата и културното наследство имајќи ги предвид културните добра (соодветно третирани и/или не, во сите 8 плански региони) согласно постоечките стратешки документи (Национална стратегија за развој на културата во РСМ за периодот 2018/2022, Законот за заштита на културното наследство, Закон за измена и дополнување на Законот за култура, Нацрт стрешките планови кои се однесуваат на различните тематски области во контекст на културното наследство. Преку овие документи ќе направиме преглед на културните добра, како и културните политики во земјата, за развојните трендови на културниот и креативниот сектор, како и презентирање на акцискиот план кон создавање поволно опкружување за зголемување на улогата на културата воопшто, и заштитата на културното наледство. Ќе се мапираат државните институции како и другите чинители кои се носители на овие стратешки документи, како и оние на кои овие документи се однесуваат директно или индиректно. Ќе ги истакнеме и анализите од извештаите за следење на овие стратешки документи, без разлика дали се изработени од државните институции, граѓанските организации, или пак одредени меѓународни тела и организации кои се задолжени да ги детерминираат културните добра според одредени критериуми и стандарди.

Ваквата анализа на стратешките документи ќе подразбира **мапирање** на културното наследство и согласно посочените документи да се воочат сите позитивни и негативни елементи кои ќе ги утврдат реалните недостатоци, потенцијалните потешкотии, но и основните параметри и податоци присутни реално на терен, се со цел да ги резимираме инпутите за можните потенцијали кои ќе ни ги диктираат приоритетите согласно релевантните стратешки документи и законски регулативи, но во зависнот од можноста за водење сметка на одредени значајни елементи за развој на општеството во целина и негов одржлив развој имајќи ги предвид и (социјалната инклузија, доброто владеење, управување со ризик од катастрофи и отпорност, дигитализација и иновации, како и родовата перспектива. Согласно сите посочени елементи и соодветни документи поврзани со областа која е цел на нашата тематска анализа, ќе ги истакнеме приоритетите за начинот на донесување на стратегиите од оваа област во контекст на мултидисциплинарните прашања, меѓусекторскиот пристап, инклузивноста на процесот на нивното донесување, достапноста на индикатори, механизмите за следење, како и поврзаноста со други стратешки документи, се со цел да се добие реална слика за постоечката состојба и можноста за нејзино ревитализирање.

Целта на овој документ е да се мапираат клучните стратешки документи во обласга културата и културното наследство, мапирање на клучните чинители,  краток приказ на законодавството во оваа област, но и новите можности кои ќе произлезат од работилниците во сите планински региони и ќе ги посочат „можеби“ реалните потреби, (не)потенцијали и приоритети се со цел да се направи реална и сеопфатна Национална стратегија за 2021-2041 година.